Влада на Република Северна Македонија

- АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ -

Архивски број: 04-59/1
Датум: 16.02.2024 година

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на ораганите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), и врз основа на член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16,142/16 и 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија",бр.98/19, 42/20,74/21 и 215/21), а согласно Решението за распишување избор за Претседател на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија",бр.37/2024) и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија",бр.37/2024), Директорот на Агенцијата ја донесе следната:

О Д Л У К А

за ставање во мирување на започнати постапки за вработување и унапредување

1. Агенцијата за остварување на правата на заедниците на ден 29.01.2024 година на страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на Агенцијата за остварување на правата на заедниците објави интерен оглас за унапредување на 6 (шест) административни службеници бр.1/2024 година. На 07.02.2024 година донесени се Одлуки за избор на прворангираните кандидати и истите беа објавени на веб страната на Агенцијата за остварување на правата на заедниците. Истите Одлуки се стават во мирување до завршување на изборите, согласно член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик.
2. Исто така Агенцијата за остварување на правата на заедниците на ден 03.02.2024 година на страната на Агенцијата за администрација и дневните печати објави јавен оглас бр.146/2024 за вработување на 1 (еден) административен службеник. Постапката за селекција на кандидати се става во мирување до завршување на изборите, согласно член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик.
3. За продолжување на постапките ќе се донесе посебна Одлука.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Директор,

Еран Куртиш